Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 106, 12 јули 2013 година

јули 2013 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за доделување на звањето почесен професор на науки од подрачјето на музичката уметност на редовен професор Бисерка Цвејиќ на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област вентилација и техничка заштита на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област физиологија на растенијата на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област експлоатација на неслоевити лежишта на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област градинарство/зеленчук на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 59

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област применета математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на наслов на трудот: „Економско-финансиски лексикон" од авторите проф. д-р Ристо Фотов, проф. д-р Толе Белчев, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Елена Веселинова при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 85

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил" од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ........ 87

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 89



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на седницата одржана на 14.5.2013 година, со Одлука бр.1602-81/3 од 15.5.2013 год. формира Рецензентска комисија во состав:

- наслов.вон.проф. д-р Тодор Витларов, претседател,
- ред.проф. д-р Стеван Алексоски, член и
- наслов. доц. д-р Лазар Нанев, член,

за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област ***казнено право.***

На објавениот Конкурс за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област *казнено право* се пријавија кандидатите: д-р Јован Илиевски, јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и д-р Џемали Саити, судија на Врховниот суд на Р.Македонија.

Како членови на Рецензентската комисијата, за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област казнено право, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Јован Илиевски** е роден на 3 јули 1958 год. во Тетово. На Правниот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на Правосудна насока, дипломира на 25 мај 1983 год. По дипломирањето се вработува во Општинското јавно обвинителство во Скопје. Правосудниот испит го положува на 21 февруари 1985 год.

Во 1988 год. е именуван за заменик во Општинското јавно обвинителство во Скопје, функција што ја извршува до 1993 год. Во периодот од 1993 до 1997 год. е адвокат со седиште во Скопје. Во 1997 год. повторно е именуван за заменик-јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје. Од октомври до јули 2009 год. е именуван од страна на јавниот обвинител на Р. Македонија за раководител на Одделението за гонење на сторителоте на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција. Во јули 2009 год. е избран за јавен обвинител во Јавното обвинителство на Р. Македонија. На 12 ноември 2009 год. е избран за јавен обвинител (раководител) на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, функција што ја извршува и денес.

***Научен развој***

Во 1987 год. се запишува на постдипломски студии на Катедрата за казнено право и криминологија на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. По положувањето на испитите на 20 септември 2011 год. го брани својот магистерски труд на тема „*Новата улога на јавниот обвинител според Законот за кривична постапка*".

На истата Катедра ја брани и својата докторска дисертација „*Историја на јавното обвинителство во Македонија - положба, улога, перспектива*", на 21 февруари 2013 год.

Во текот на 2010 година завршува меѓународен семинар во Европскиот центар за безбедносни студии „Маршал центар" во Германија на тема „Јакнење на соработката против тероризмот".

Во 2012 година завршува интензивна тренинг програма на Националниот институт за застапување пред судовите во САД и се стекнува со диплома за наставник за вештини.

Член е на Јавнообвинителската советодавна мрежа на обвинителите од Југоисточна Европа (SEEPAG) од 2004 година. Во 2011 година е избран за заменик-претседател, а во 2012 година е претседател на истата.

Член е на Консултативниот совет на европските обвинители (CCPE).

Тој е постојан едукатор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, како и едукатор на основните и специјализираните обуки за примена на новиот Закон за кривична постапка.

Досега учествува во работните групи формирани од страна на Министерството за правда за изготвување на Законот за јавно обвинителство, Законот за Советот на јавните обвинители, Законот за кривичната постапка, како и Законот за измени и дополнувања на Кривичниот законик.

Како член на Здружението на јавните обвинители на РМ е раководител на проектите „Олеснување на присуството на жртвите на кривични дела трговија со луѓе пред судовите во РМ“ и „Воспоставување на независен контролен механизам над органите за спроведување на Законот, зајакната улога на јавното обвинителство“.

Во периодот од 2005 до 2013 година има остварено студиски посети во три наврати во САД. Исто така бил на студиски посети во Берлин, Лисабон, во Рен и Лил – Франција, во Стразбур, во Белфаст – Северна Ирска и во Хаг – Холандија.

Остварува студиски посети на Канцеларијата на јавното обвинителство во Џенова, во рамките на Твининг проектот со Италија. Во рамките на истиот проект бил на студиски посети во Брисел, Хаг и Виена.

Учествува на 12. Меѓународен форум на јавните обвинители „Борба против организираниот прекуграничен криминал“ во Салсбург – Австрија, како и на Конференцијата на Секи центарот на тема „Борба против организираниот криминал и специјализираните криминални структури, јакнење на соработката, капацитетите и експертизите“ во Букурешт - Романија.

Учествува на меѓународни конференции на тема „Граѓанската одговорност на јавните обвинители и јавните обвинителства“ во Будимпешта, Меѓународна конференција за антикорупција во Загреб, Конференција на тема „ Користење на прикриени агенти и посебната истражна мерка контролирана испорака“ во Кишињев – Молдавија, Конференцијата на OLAF „Правна рамка и практично постапување на судовите и администрацијата во борба против измамата” во Софија – Бугарија.

***Објавени научни и стручни трудови***

1. „Улогата на полицијата и јавното обивнителство во примена на одредбите на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал со протоколите“, Скопје, септември 2002 година, издавач: Министерство за правда на РМ.
2. „Презентација на регионалниот проект на Пактот за стабилноста наменет за едукација на судии и јавни обвинители за трговија со луѓе, со осврт на Прирачникот за обука на судии и јавни обвинители“, Судиска ревија бр.3 од 2003 година.
3. „Екстрадиција и трансфер на осудени лица од аспект на постапување на јавното обвинителство“, Судиска ревија бр. 3 од 2005 година.
4. „Правна рамка за борба против организираниот криминал и постапување на Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција при ЈО на РМ“, Судиска ревија бр. 2, 2006 година.
5. „Концептот на перење пари според кривичната постапка на РМ“, Македонска ревија за казнено право и криминологија бр. 2 - 3 од 2008 година.
6. .„Организиран криминал и неговите практични аспекти во РМ“ , октомври 2008 година, издавач: Универзитетот на Југоисточна Европа во РМ.
7. .„Практичните и теоретските предизвици и предности за гонење и пресудување според предложените одредби на ЗКП“, издавач Адвокатура бр.26 од 2009 година.
8. „Правните аспекти на кривичните дела – неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори чл.215 и Овозможување на употреба на наркотични дроги чл.216 од КЗ на РМ“, јуни 2010, International conference of experts on sonbating drugs.

9. „Посебни истражни мерки, домашна и меѓународна пракса“ декември 2010 година, Oraganization for Security and Co-operation in Europe , Spillover monitor Mission to Skopje.

*Анализа на трудовите:*

**1. Конвенција на Обединетите нации против транснационален организиран криминал со протоколите (коментари, прилози, појаснувања и препораки): Улогата на полицијата и јавното обвинителство во примена на одредбите на Конвенцијата, Скопје, септември 2002 година. Издавач: Министерство за правда на Република Македонија. Финансиски поддржано од: Европска агенција за реконструкција - тим на Европската комисија за правда и внатрешни работи.**

Во трудот е анализирана Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал за да се укаже на неопходноста на изменување на националното законодавство односно внесување на нови институти кои ќе придонесат за унапредување и зголемување на ефикасноста како во превентивното дејствување, така и во борбата против транснационалниот организиран криминал.

Посебно внимание е посветено на анализата на следните одредби од Конвенцијата:

- член 7 - Мерки за борба против перењето пари,
- член 11 - Гонење, обвинување, пресудување и казнување,
- член 18 - Заемна правна помош,
- член 19 - Споени истраги,
- член 20 - Специјални истражни техники,
- член 21 - Трансфер на кривични постапки,
- член 22 - Основање криминално досие,
- член 26 - Мерки за подобрување на соработката со полициските (law enforcement) органи и
- член 29 - Тренинг и техничка помош.

За сите наведени одредби во трудот се дадени предлози на кој начин да бидат имплементирани во правниот систем на Република Македонија.

**2. Судиска ревија, септември 2003, број 3: Презентација на Регионалниот проект на Пактот за стабилност наменет за едукација на судии и јавни обвинители за трговија со луѓе, со осврт на Прирачникот за обука на јавни обвинители и судии. Издавач: Здружение на судиите на Република Македонија.**

Во трудот е даден опис на проектот на Пактот за стабилност насловен „Развој на модел за обука на судството во областа на борбата против трговијата со луѓе“ и е направена анализа на Прирачникот за обука на јавни обвинители и судии во борбата против трговијата со луѓе. Посебен акцент е ставен на третманот на трговијата со луѓе како феномен и трите основни елементи на трговијата со луѓе: регрутирањето на жртвите, фазата на транзит - транспортирање и фазата на дестинација - прифаќањето и видовите на експлоатација. Понатаму се опишани начините на контролирање на жртвите и дистинкцијата помеѓу трговијата со луѓе и мигранти. Даден е одговорот на прашањето кои се трговците, но и кои се жртвите, особено траумите кои ги преживуваат и нивните потреби.

Во продолжение се наброени елементите на сеопфатната стратегија и превенцијата против овој вид на организиран криминал, а е прикажан и концептот на човековите права и улогата на судството. Исто така е разработено материјалното право, како и правата на жртвата во поглед на системот на кривичната правда, опфаќајќи ги меѓународните стандарди во поглед на правата на жртвите и облиците на нивна заштита.

Опишани се специјалните истражни техники како проактивни операции против трговијата со луѓе, а наброени се специфичните аспекти на кривичната постапка кога се работи за овој вид на криминалитет, како и санкциите во кои спаѓаат соодветните казни, конфискацијата на приносите од криминалот и затворањето на објектите кои се користат за вршење на ова кривично дело.

На крајот е третирана меѓународната соработка, особено екстрадицијата, заемната правна помош, заедничките истраги и трансферот на кривичните постапки.

**3. Судиска ревија, октомври 2005, број 3: Екстрадиција и трансфер на осудени лица од аспект на постапување на јавното обвинителство. Издавач: Здружение на судиите на Република Македонија.**

Воведниот дел содржи генерални одредби за тоа што претставува екстрадицијата и трансферот на осудени лица.

Во вториот дел е анализирано постапувањето на јавното обвинителство од аспект на одредбите на Законот за кривичната постапка.

Третиот дел ги содржи принципите на екстрадицијата, а даден е и компаративен преглед со решенијата во Република Италија, англосаксонските земји, Бразил и други. Особено внимание е посветено на прашањето за екстрадиција на домашни државјани пред Меѓународниот казнен суд.

Четвртиот дел се однесува на меѓународните договори. Екстрадиционите договори ги поставуваат условите за екстрадиција и тие вообичаено се засноваат на принципот на реципроцитет. Сепак, секоја од страните има одредени обврски на кои е укажано во трудот.

Петтиот дел ги содржи практичните аспекти на постапувањето на јавното обвинителство кои можат да им бидат од помош на практичарите при постапувањето во конкретни предмети.

На крајот, шестиот дел се однесува на специфичностите на трансферот на осудени лица.

**4. Судиска ревија, септември 2006, број 2: Правна рамка за борба против организираниот криминал и постапувањето на Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата при Јавното обвинителство на Република Македонија. Издавач: Здружение на судиите на Република Македонија.**

Во воведниот дел од трудот се дадени појавните облици на организираниот криминал од аспект на организираноста на криминалните активности, појавните облици на организираниот криминал во Република Македонија, факторите кои влијаат на порастот на организираниот криминал и стратегијата за превенција на организираниот криминал, сето тоа низ призмата на нашата правна теорија.

Во понатамошниот текст е прикажана правната и институционална рамка од која се изведува заклучокот дека постојното Законодавство во Република Македонија дава можност за успешно функционирање на институциите во борбата против организираниот криминал.

Во делот кој зборува за новините во организационата поставеност на Јавното обвинителство најголемо внимание е посветено на Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, неговата надлежност, соработката со домашните институции, меѓународната соработка и постапување во преткривичната постапка.

Во завршниот дел од трудот е даден осврт на примената на посебните истражни мерки и анализа на елементите на структурирана криминална група низ конкретен случај.

**5. Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.2-3, 2008.: Концептот на перење пари според кривичната постапка на Република Македонија. Издавач: Здружение на кривично право и криминологија на Македонија.**

Перењето пари е процес на прикривање на илегалните извори на приходите остварени со казниви дејствија, со цел за вклучување на тие приходи во тековите на легалното финансиско работење. Прашањето на перењето пари е интегрално поврзано со проблемите на корупцијата, организираниот криминал, финансиските измами, шверцот и другите казниви дела насочени на остварување на профитот.

Се претпоставува дека парите кои се перат од страна на криминалците изнесуваат од 2 до 5% од светскиот бруто-национален производ.

Во трудот се опишани фазите низ кои се одвива процесот на перењето пари, а понатаму е опишана меѓународно-правната рамка, односно даден е опис на сите релевантни меѓународни правни документи од оваа област.

Во продолжение на трудот е опишано што претставува имот, како е регулирана обврската за доставување на податоци за финансиските трансакции, постапката за

определување привремени мерки, што претставува сомнителна трансакција и кои се индикаторите за утврдување на сомнителни трансакции.

Понатаму во трудот се истакнува дека проблемот со перењето пари е особено изразен во земјите во транзиција меѓу кои се вбројува и Република Македонија. Во овие земји дојде до суштински промени во врска со природата на казнивите дела, така што преку корупцијата и измамите, како и организираниот криминал се создадоа значителни незаконски приходи, а сето тоа му стои на патот на странските вложувања, развојот на демократијата и пазарната економија. Даночното затајување е еден од најголемите извори на нечисти пари, паралелно со трговијата со дрога, оружје и луѓе, проституција, поткуп, компјутерски измами, како и останатите видови на криминал.

Во продолжение е дадена елаборација на прашањето: дали даночното затајување може да биде предикативно дело на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело?

Во завршниот дел од трудот се преминува од полето на теоријата кон анализа на една конкретна појава, а тоа се истрагите во преметите поврзани со масовната појава на даночна евазија, таканаречената „даночна пирамида“ и притоа, помеѓу другото, се даваат одговори на прашањата дали ист сторител може да биде обвинет за сторување и на претходното казниво дело и за кривичното дело перење пари, кој го чини кривичното дело даночно затајување и дали во опишаните случаи на даночна евазија воопшто има елементи на кривичното дело перење пари или не.

**6. Организиран криминал - правни аспекти: Организираниот криминал и неговите практични аспекти во Република Македонија, октомври 2008. Издавач: Универзитет на Југоисточна Европа, Р. Македонија.**

Воведниот дел се однесува на функционирањето, законската поставеност и надлежноста на Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата во рамките на Јавното обвинителство на Република Македонија, како и на решенијата во Законот за јавното обвинителство кои се однесуваат за Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција чие формирање беше предвидено со овој Закон.

Првиот дел од трудот се однесува на кривичното дело перење пари. Даден е преглед на националната и меѓународната правна регулатива, теоретските аспекти на ова кривично дело, како и анализа на случаи од практиката.

Вториот дел се однесува на трговијата со луѓе и е поделен на неколку поглавја.

Во воведните напомени е наведено дека трговијата со луѓе е криминалитет кој во последните години доживеа огромна експанзија во целиот свет, а особено во регионот на Југоисточна Европа, притоа зафаќајќи ја и Република Македонија. Ова се должи, пред сè, на општествено-економските промени во земјите од овој регион кои, помеѓу другото, доведоа и до зголемување на невработеноста и осиромашување на поголемиот дел од населението.

Второто поглавје се однесува на меѓународните документи прифатени од страна на Република Македонија.

Третото поглавје ја обработува националната законска рамка. Кривичното дело трговија со луѓе од чл.418-а во законодавството на Република Македонија е воведено со измените и дополненијата на Кривичниот законик од 25 јануари 2002 година. Ова кривично дело е сместено во главата XXXIV која ги инкриминира кривичните дела против човечноста и меѓународното право што несомнено укажува на тоа дека законодавецот исправно ја оценил природата на кривичното дело, како едно од најтешките форми на организиран криминалитет со чие извршување грубо се повредуваат основните човекови права, особено правото на човекот да не биде доведен во ропски однос или потчинетост, правото на безбедност на личноста и забраната на суровиот и нехуман третман на луѓето, како и природното право на слобода на движење.

Има две основни причини за воведувањето на ова кривично дело. Пред сè, тоа е сторено поради фактот што Република Македонија е потписник на Конвенцијата на Обединетите нации од Палермо за борба против транснационалниот организиран криминал и двата дополнителни протоколи и со тоа се обврза да го хармонизира националното законодавство во согласност со наведената конвенција, а и како одговор на реалната состојба во земјата

која се карактеризираше со зголемен број случаи на трговија со луѓе што од своја страна бараше државата да заземе многу посериозен пристап во борбата против овој вид на криминалитет. Во продолжение е направена исцрпна анализа на одредбите на ова и сродните кривични дела предвидени во Кривичниот законик.

Во четвртото поглавје е анализирано практичното постапување на надлежните институции во конкретните предмети на трговија со луѓе.

Петтото поглавје се однесува на едукацијата и специјализацијата на припадниците на институциите надлежни за откривање и гонење на кривичното дело трговија со луѓе на што во Република Македонија се посветува големо внимание.

На крајот од овој дел во шестото поглавје се дадени и препораки за подобрување на ефикасноста во постапувањето на институциите.

Државните институции мора да имаат сериозни програми за отстранување на факторите кои му погодуваат на овој криминал со подигање на економската моќ на граѓаните, вработувања, идентификација на жртвите од обучен и квалификуван персонал, регулирање на нивниот престој и стриктна примена на сите институти кои ги предвидува актуелното законодавство на Република Македонија.

За успешно превентивно дејствување, откривање, гонење и санкционирање на ова кривично дело потребен е покоординиран пристап помеѓу сите институции кои на некаков начин доаѓаат во допир со овој вид на криминал, а пред сè на полицијата, обвинителството и судовите. Потребно е да има јасна стратегија за начинот на изведувањето на акциите, зајакната контрола на легалните и илегалните гранични премини, движењето на населението, особено на странците, како и редовни контроли на местата кои се подложни за кохабитација на овој вид на криминал.

Во превентивното дејствување многу значајна е улогата на невладините организации кои и понатаму треба упорно да работат на подигањето на јавната свест за препознавање на проблемот со сите негови карактеристики. Оваа кампања треба особено да биде насочена спрема најранливите категории, а тоа се жените и децата особено од сиромашните рурални средини. Во идентификувањето на овој проблем без сомнение е значајна и улогата на медиумите.

Третиот дел од трудот се однесува на корупцијата. Корупцијата во најширока смисла претставува секаква злоупотреба на положбата од страна на државниот службеник или лице кое врши одредена јавна функција, а која има за цел лична материјална корист. Корупцијата најчесто се јавува во облик на поткупување на државни службеници, непотизам и проневера на јавни средства.

Понатаму во трудот се наведени условите кои и погодуваат на корупцијата, а за најефикасно обезбедување на докази за корупциските кривични дела е преку примената на посебните истражни мерки, додека како најефикасна мерка за превенција на корупцијата би ја издвоиле ефективната примена на конфискацијата.

Со оглед дека борбата против корупцијата веќе претставува светски процес во трудот се наброени и анализирани меѓународните правни документи кои се однесуваат на борбата против корупцијата.

На крајот од овој дел од трудот се анализирани одредбите од Кривичниот законик за коруптивните кривични дела и за секое од нив е дадена анализа на случај од праксата.

Четвртиот дел ја обработува ситуацијата со организираниот криминал во Република Македонија преку анализа на покарактеристични случаи, како што се „Бачило“, „Бачило 2“, „Славија“ и други.

**7. Адвокатура, број 26, април 2009: Практичните и теоретските предизвици и предности за гонење и пресудување според предложените одредби (на Законот за кривичната постапка), Издавач: Адвокатска комора на Република Македонија.**

Во трудот е направена анализа на некои предложени одредби од Законот за кривичната постапка и се дадени предлози во насока на нивно подобрување. Анализирани се следните одредби: Поднесување на пријава, Информирање на јавниот обвинител, како и повеќе одредби од одделите Испитување на осомничениот и Сослушување на сведок, а особено главата Постапка по правни лекови. Покрај критичките согледувања, во трудот е изразена и поддршка кон одредени решенија во предлогот на новиот Закон за кривичната постапка.

**8. International conference of experts on combating drugs: Правни аспекти на кривичните дела - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори - член 215 и Овозможување на употреба на наркотични дроги - член 216 од Кривичниот законик на Република Македонија, јуни 2010.**

Трудот е поделен во четири дела:

Во воведните напомени е подвлечено дека наркоманијата како социјална девијантна појава влегува во редот на најакутните проблеми на современиот свет. Во нејзиното проучување битно и јасно се издиференцирани две негативни насоки на дејство и тоа социјалната и индивидуалната. Секој вид злоупотреба на опојните дроги односно неконтролираното производство и прометот, вклучува огромна маса на луѓе во нејзиното неовластено - илегално производство, преработка и промет, а од друга страна и наркоманите - зависници од опојни дроги, поради високата цена на опојните дроги на илегалниот пазар често прибегнуваат кон вршење кривични дела, особено такви кои во своето битие содржат елементи на агресивност. Наркоманијата и трговијата со дрога како комплексно, индивидуално и социјално зло бара долготрајна и исто толку комплексна криминална и социјална политика, стратегија и тактика.

Во продолжение се наведени претпоставките за постоење на кривичните дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори - чл.215 и овозможување на употреба на наркотични дроги - чл.216 од Кривичниот законик.

Објект на заштита кај овој вид на кривични дела е здравјето на луѓето и токму поради овој факт кривичните дела Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и овозможување на употреба на наркотични дроги се предвидени во дваесет и прва глава од Кривичниот законик - Кривични дела против здравјето на луѓето.

Кај кривичното дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, инкриминирани се повеќе облици на извршување на кривичното дело, од кои два се основни и тоа: неовластено производство и неовластено пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Според тоа, дејствието на извршување на ова кривично дело е одредено алтернативно и опфаќа низа на дејности. Дадено е детално објаснување на сите облици на извршување на ова кривично дело, а притоа е даден осврт и на посредувањето како дејствие на извршување, како и на квалификуваните, односно потешките облици на кривичното дело кои се поврзани со извршувањето на основното кривично дело од страна на повеќе лица или сторителот на ова дело организирал мрежа на препродавачи или посредници.

Со кривичното дело Овозможување на употреба на наркотични дроги од чл.216 од КЗ исто така се штити здравјето на луѓето, а последицата е апстрактна и се состои во загрозување на здравјето на луѓето. Во друдот се детално опишани сите облици на извршување и на ова кривично дело.

Во третиот дел: Обезбедување на докази за овие кривични дела и мерки за превентивно дејствување е наведено дека се најзначајни два институти. Тоа е примената на посебните истражни мерки и конфискацијата на имотот кој е стекнат со криминалното дејствување на сторителот, а секако тука спаѓа и спроведувањето на привремените мерки како што се замрзнување и заплена на имотот, кои имаат за цел спречување на евентуална продажба, пренос или располагање со таков имот.

На крајот е дадена анализа на два случаја од практиката и притоа е опишана целокупната постапка како во фазата на откривањето на кривичните дела и нивните сторители, процесот на гонењето и фазата на главниот претрес вклучително и конечниот исход на постапките.

**9. Посебни истражни мерки, Домашна и меѓународна пракса, декември 2010 година, Organization for Security and Co-operation in Europe, Spillover Monitor Mission to Skopje.**:

Во воведниот дел е наведено дека со преземањето на обврската за усогласување на домашната легислатива со законодавството на Европската унија, во Република Македонија

дојде до значителни измени и тоа пред сè во системските закони, меѓу кои се вбројува и Законот за кривичната постапка. Во почетокот на декември 2004 година беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка со кој беа прифатени повеќе нови институти, меѓу кои како најзначаен може да се издвои воведувањето на примената на посебните истражни мерки. Започнувањето на примената на посебните истражни мерки е од исклучително значење особено во борбата против организираниот криминал, корупцијата и тероризмот. Со нивната примена во значителна мерка почнаа да се надминуваат или барем намалуваат големите тешкотии при откривањето и гонењето на овој вид на криминал.

Во продолжение е направен преглед на посебните истражни мерки и детално е опишана постапката за издавање наредба за нивната примена.

Понатаму следува анализа на три процесуирани сличаи, а тоа се предметите „Кокаин", кој се однесува на трговија со наркотична дрога, и „Југ" и „Дора" за криумчарење мигранти. Во сите овие предмети беа применети посебни истражни мерки и во овој дел од трудот акцентот е ставен токму на нивната примена.

Во продолжение на трудот е направена анализа на слабостите кои беа детектирани при практичната примена на посебните истражни мерки.

Во петтата глава е даден компаративен преглед на законските решенија за примена на посебните истражни мерки според важечкиот Закон за кривичната постапка и решенијата во новиот Закон.

На крајот од трудот се дадени обрасци за практична примена на посебните истражни мерки.

**10. Академија за судии и јавни обвинители, Напредни обуки за новиот Закон за кривичната постапка, Модул:1 Предистражна постапка - Прирачник, Скопје, 2013.**

Во воведниот дел е даден осврт на примената на посебните истражни мерки, без кои не е можна ефикасна борба, односно превенција и спречување на организираниот криминал, особено во транснационални рамки. Тие по својата природа се репресивни, меѓутоа овозможуваат идентификација на криминалот пред да дојде до негова реализација и токму поради тоа се присутни во сите современи демократски законодавства. Во продолжение се наброени меѓународните правни документи кои ја препорачуваат примената на посебните истражни мерки.

Во првиот дел е наведена целта на примената на посебните истражни мерки и видовите на посебни истражни мерки и специфичностите на секоја од посебните истражни мерки. Во овој дел е анализиран и Законот за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите кој е донесен заради усогласување на овој закон со новите решенија во кривичната постапка.

Во продолжение е наведено во кои случаи е дозволена примената на посебните истражни мерки, лицата против кои може да се определат и органите надлежни за издавање на наредба. Наведени се елементите кои треба да ги содржи наредбата, како и содржината на посебниот извештај.

Понатаму се елаборира во кои случаи податоците, известувањата, документите и предметите прибавени со примена на посебните истражни може да се користат како доказ во кривичната постапка.

Посебно внимание е посветено на времетраењето на посебните истражни мерки, нивното запирање, известувањето на засегнатото лице, проширувањето на наредбата, заштитата на податоците во врска со посебните истражни мерки, како и обврската на јавниот обвинител на Република Македонија еднаш годишно да доставува извештај за посебните истражни мерки до Собранието на Република Македонија што се побарани во претходната календарска година

***Биографски податоци***

**Д-р Џемали Саити** е роден на 14 септември 1966 година во Скопје. Дипломира на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Правосудна насока во 1991 година. Од 1992 до 1993 година е вработен како новинар во МРТ – Радио Скопје. Во периодот од 1994 до 1996 година се занимава со новинарство во повеќе пишани и електронски медиуми. Правосудниот испит го положува во 1996 година во Скопје.
Во периодот од 1996 до 20 декември 1999 година работи како адвокат со седиште во Скопје. На 27 декември 1999 година е избран за министер за Локална самоуправа во Владата на Р. Македонија, функција што ја извршува до 12 мај 2001 година.

Во периодот од 2001 до 2004 година ја извршува функцијата заменик-претседател на Државната пописна комисија на Р. Македонија.

Во периодот од 2002 до 2006 година е член на Државната изборна комисија на Р. Македонија.

Од 23 мај 2005 до 17 август 2011 година, повторно работи како адвокат со седиште во Скопје.

Од декември 2010 до август 2011 година е член на Државната пописна комисија на Р. Македонија.

На 18 август 2011 година е избран за судија на Вишиот управен суд во Скопје.

На 2 јануари 2013 година е избран за судија на Врховниот суд на РМ, функција што ја извршува и денес.

***Научен равој***

Во 2011 година на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово, по завршувањето на постдипломските студии, го брани магистерскиот труд на тема „*Примената на посебните истражни мерки кај коруптивните кривични дела и организираниот криминал*".

На 6 ноември 2012 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје ја брани докторската дисертација под наслов „*Алтернативните мерки наспроти новите облици на криминалитет*".

Д-р Саити учествува во повеќе комисии и тела од областа на правото.

Учествува на повеќе конференции од областа на локалната самоуправа, семинари и работилници за обука на јавната администрација.

Со своја тема „Компаративни согледувања на децентрализацијата во разни држави и искуства во Р. Македонија" учествува на Меѓународниот конгрес „Партиципацијата на граѓаните во заедницата и демократијата" одржан во Охрид од 25 до 28 април 2002 година.

***Објавени научни и стручни трудови***

Објавува повеќе трудови од областа на локалната самоуправа и локалната демократија.

1. Некои согледувања за кривичната одговорност кај кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, објавени во *Правник*, јули- август 2011 година.
2. Vetegeverisja dhe mentaliteti i shogerise.

Како што произлегува од биографските податоци и научниот развој на кандидатите д-р Јован Илиевски и д-р Џемаил Саити, двајцата кандидати имат потврден ангажман на стручен план.

Областа за која се бира наставникот со насловно звање доцент е од областа казнено право.

Врз основа на објавените стручни трудови од оваа област и домашниот и меѓународен ангажман во областа на казненото право, позабележителни се резултатите и потврдени се практичните и теоретските искуства во областа на казненото право на кандидатот д-р Јован Илиевски.

Д-р Јован Илиевски, со свои објавени стручни трудови, учеството на меѓународни семинари и студиски посети во странство, како и неговиот ангажман како едукатор на Академијата за судии и јавни обвинители, покажува педагошка способност со јасна мисла и разбирлив речник, да ги пренесува своите знаења и искуство.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на научниот, стручниот и професионалниот ангажман на д-р Јован Илиевски и д-р Џемаил Саити, ни претставува особено задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **ДА МУ ПРЕДЛОЖИМЕ да го избере кандидатот д-р Јован Илиевски во звање насловен доцент од научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Нас.вон проф.д-р Тодор Витларов, с.р.**
**Ред.проф.д-р Стеван Алексоски, с.р.**
**Нас. доцент д-р Лазар Нанев, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Јован Илиевски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| б) Научноистражувачка (НИ) дејност: | | | |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| Раководител на научен проект | 2 | 4 | 8 |
| Учесник на научен проект<br>Во областа на измените во законодавниот систем | 1 | 2 | 2 |
| Студиски престој во странство | 7 | 8 | 56 |
| в) Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност | | | |
| Книга: | 3 | 10 | 30 |
| Труд во стручно списание: | 6 | 2 | 12 |
| Учесник во научен проект | 1 | 5 | 5 |
| Техничко унапредување:<br>Microsoft Access, database software | 1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | | | 127 |